РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ‐ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1974/3
26-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30 – тата седница трето продолжение одржана на ден 22.05.2020 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето Андреја Илиевска, блиско лице (ќерка) на службеното лице Анастасија Илиевска, посебен советник за прашања од областа на одбраната и безбедноста во Кабинетот на поранешниот Претседател на РСМ, Ѓорѓе Иванов бидејќи не е утврдено влијание при постапката за нејзиното вработување.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 09-1106/1 од 07.03.2019 година.

Предметот со број 09-1106/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1106/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување за лицето Андреја Илиевска, вработена во Агенцијата за разузнавање, ќерка на Анастасија Илиевска, посебен советник за прашања од областа на одбраната и безбедноста во Кабинетот на поранешниот Претседател на РСМ, Ѓорѓе Иванов.

Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси при вработување на лицето Андреја Илиевска, по што се обрати до Агенцијата за разузнавање со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите.

По добиената документација од страна на Агенцијата за разузнавање, Државната комисија констатираше дека лицето Андреја Илиевска е вработена во Агенцијата за разузнавање од 01 октомври 2016, во време кога нејзината мајка Анастасија Илиевска ја извршувала функцијата директор на УЈП.

Постапката за вработување за наведеното лице е по добиена согласност од Министерството за финансии за 20 лица на 08.06.2016 и вработувањето поради безбедносен аспект е извршено без објавување на оглас. Комисијата што е формирана


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

врши проверка на лицата што имаат доставено апликација на WEB портал на Агенцијата, како и апликации доставени до архивата. Во септември 2016 повикани биле вкупно 55 лица на интервју и со секој кандидат е спроведено тестирање и разговор посебно. Извршена била и проверка од безбедносен аспект дали се подобни за вработување. По сето ова Комисијата за проверка на знаење на кандидати за засновање на работен однос (формирана на 31.08.2016) предложила 19 кандидати што покажале најдобри резултати на тестирањето и интервјуата и имале најсоодветни профили од дефицитарниот кадар на Агенцијата. Од предложените кандидати подоцна се откажале три лица. На 01.10.2016 избраните кандидати засновале работен однос со Агенцијата како приправници. На 22.03.2017 Андреја Илиевска положила стручен испит за приправници и е распоредена на работно место аналитичар согласно нејзиното образование и стручна подготовка.

Лицето Анастасија Илиевска ја извршува функцијата посебен советник за прашања од областа на одбраната и безбедноста во Кабинетот на поранешниот Претседател на РСМ, Ѓорѓе Иванов од 08.09.2017, а е избрана со Одлука бр. 08-304/12 од 01.09.2017 година.

На седницата одржана на ден 22.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека не е утврдено влијание при постапката за вработување на лицето Андреја Илиевска, вработена во Агенцијата за разузнавање, од страна на Анастасија Илиевска, посебен советник за прашања од областа на одбраната и безбедноста во Кабинетот на поранешниот Претседател на РСМ, Ѓорѓе Иванов.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk